Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.02 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вон, Општина Свети Николе треба да се изработи врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, ажурираната геодетска подлога, проектната програма, одредбите кои произлегуваат од изводот од УПВНМ, како и потребите на Инвеститорот.

Изготвувањето на проектната документација да се изврши во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 225/20).

Во проектниот дел од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри, внатрешни сообраќајници и партерно решение со хортикултура.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77, став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20), се планира следната поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани. Трафостаниците, согласно горенаведениот Правилник, спаѓаат во поединечната намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и исти претставува комплементарна намена во смисла на член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20) т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена.

Покрај ова, потребно е решавање на сообраќајниот пристап и стациониранот сообраќај. Имајќи ја во предвид предметната поединечна намена, а во согласност со член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20) за групата на класи на намена Е-Инфраструктури „Потребниот број на паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето на урбанистичкиот план, во зависност од конкретната намена на градбата , бројот и структурата на вработени, бројот, фрекфенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитет на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна шарцеча и /или на земјиште за општа употреба„, во овој урбанистички проект треба да се планираат 2 паркинг места за моторни возила, во рамки на сопствената парцела.

ГЕН - И СОНЦЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ

2.ПРОЕКТЕН ДЕЛ

1. ВОВЕД

Една од главните програмски определби во енергетскиот сектор е што поголемо искористување на домашните ресурси на обновлива енергија. Со зголемување на учеството на обновливите извори на енергија освен замена на користењето на фосилните горива, се намалуваат емисиите на стакленички гасови и зависноста од увоз на енергија, особено на електричната.

Енергијата на сончевото зрачење е најобилен, неисрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија. Република Северна Македонија е посветена на спроведување на реформите во енергетскиот сектор и исполнување на обврските кои произлегуваат од Договорот за основање на Енергетска заедница. Законот за енергетика беше изработен со поддршка на Секретаријатот на Енергетската заедница и беше донесен на 21 мај 2018 година. Во овој Закон за енергетика се имплементираат одредбите и обврските што произлегуваат од Третиот енергетски пакет на ЕУ и Директивата за обновливи извори на енергија.

Процентуалното учество на енергијата од обновливите извори во бруто финалната потрошувачка на енергија во 2019 година изнесуваше 20,2% според официјалните податоци на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија. Согласно преземените обврски од Енергетската заедница и Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница, Владата на Република Северна Македонија на 5 февруари 2019 година донесе Одлука („Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/19) со која се утврди националната задолжителна цел, односно процентуалното учество на обновливи извори на енергија во бруто финалната потрошувачка на енергија до 2020 година да изнесува 23%. Овој процент треба да се постигне преку изградба на нови постројки кои користат обновливи извори на енергија, како и со засилени мерки за енергетска ефикасност.

Заради постигнување на целите за обновлива енергија, особено имајќи предвид дека енергетскиот пазар самостојно не може да ги обезбеди потребните инвестиции за да се исполнат овие цели и токму поради тоа потребна е интервенција од страна на државата, се предвидува воведување на мерки за поддршка. Имено, се предвидува производителите на електрична енергија од фотонапонски и ветерни елктроцентрали кои користат премија да ја продаваат електричната енергија на пазарот на големо, а за продадените количини на електрична енергија да добиваат премија како дополнителен износ на цената постигната на пазарот на електричната енергија.

Имајќи ги предвид Упатствата на Енергетската заедница за примена на упатствата за државна помош за заштита на животната средина и енергија за периодот од 2014-2020 година, Упатствата на Енергетската заедница за реформи на мерките за поддршка за промоција на енергијата од обновливи извори, Упатствата за конкурентен избор и поддршка на обновлива енергија изработени заеднички од страна на Европската банка за реконструкција и развој и Секретаријатот на Енергетската заедница во соработка со Меѓународната агенција за обновлива енергија, како и обврските утврдени во Законот за енергетика, на 5 февруари 2019 година Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 29/19).

2. ТЕХНИЧКИ ОПИС

Фото-напонски систем претставува електроенергетски систем дизајниран за искористување на соларната(сончевата) енергија со помош фото-напонски панели. Системот се состои од неколку компоненти, кои вклучуваат соларни панели кои служат за абсорбција и конверзија на сончевата светлина во електрична енергија, електричен инвертер кој врши претворање на директната струја во наизменична струја, како и други харверски компоненти кои ги прават системот функционален.

За потребите на инвеститорот е направен овој идеен проект кој предвидува изградба на фотоволтаична електроцентрала на ГП. 1.02 од УПВНМ КО Амзабегово-вон, Општина

Свети Николе за производство на електрична енергија согласно потпишаниот договор за за правото на користење на премија како и изградбата на фотоволтаичната централа со Министерството за Економија при РСМ со арх.бр. 12-580/5 од 29.01.2020 година.

Со овој идее проект се планира изградба на фотоволтаична електроцентрала на ГП. 1.02 од УПВНМ КО Амзабегово-вон, Општина Свети Николе со вкупна инсталирана моќност од 1,998 kW со вкупен број на фотонапонски панели 3,770 и 8 инвертори за претварање на директната струја во наизменична за потребите на инвеститорот. Фотонапонските панели ќе бидат инсталирани на земја односно на метална конструкција, а истите ќе бидат наклонети под агол од 25 степени.

Годишно очекувано производство на локацијата каде е планирана изведбата на фото-напонски за производство на електрична енергија е 3,001 MWh електрична енергија која ќе се продаде на слободниот пазар и ќе придонесе за намалување на штетните гасови во атмосферата.

Работниот век на фотонапонските панели за производство на електрична енергијата кој е предвиден со оглед на квалитетот на избраната опрема е 30 години.

3. ЛОКАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

3.1. Локација

Предвидената локација на која е планирана изградбата на фотоволтаична електроцентрала на ГП. 1.02 од УПВНМ се наоѓа во КО Амзабегово-вон, Општина Свети Николе. Општина Свети Николе е расположена во централно-источниот дел на Република Северна Македонија каде што во тој простор доминираат пасиштата претставени со суви ливади и со големо атропологено влијание. Пределот во кој лежи локалитетот планиран за електроцентрали се одликува со појави на елементи на степска вегетација како резултат на влијанијата на умерено континентална изменета клима. Тоа е типично аграрен пејсаж во чија структура доминираат житните култури и пасиштата. Групи на дрвја, тополи и врби се јавуваат само во долноречните токови и тие се доминантни зелени артерии во пределот, а ридестата релјефна структура и бројните долови создале разигран и динамичен пејсаж.

3.2. Географски податоци

Просторот кој ќе го зафаќа фотоволтаична електроцентрала на ГП. 1.02, се наоѓа на оддалеченост од 8 км јужно од градот Свети Николе и оддалеченост помалку од 1 км источно од населено место с.Амзабегово. Ова подрачје се наоѓа на надморска височина од 236-240м., каде што теренот е релативно рамен и со пад на просторот од Север кон Југ.

3.3. Сеизмички карактеристики

Локалитетот на кој ќе се изгради фотоволтаична електроцентрала на ГП. 1.02 од УПВНМ, КО Амзабегово, општина Свети Николе, се наоѓа во зона со 8 степени по Маркалиевата скала на очекувани земјотреси.

3.4. Климатски и микроклиматски услови

Природни карактеристики на едно подрачје претставува збир на вредности и обележија создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефни карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Мерната станица е лоцирана во Штип на надморска височина од 326м со координати по X=41045 и Y=22011. За статистичка обработка е земен периодот со низ на податоци од јануари-декември 1951 до 2013 година.

Климата на овој простор е условена од следните услови: реката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите.

Просечна годишна температура на воздухот изнесува 13,00С. Просечен годишен минимум од 11,70С и просечен годишен максимум од 14,30С. Најтопол месец е јуни со 24,10С, а најстуден јануари со 1,30С. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24.07.2007 година од 43,50С, апсолутен минимум на температурата на воздухот е забележан на 26.01.1954 година од -22,70С, апсолутно годишно колебање од 66,20С. Просечна зимска температура изнесува 2,60С, пролетната температура изнесува 12,60С, летната просечна температура изнесува 23,20С и просечна средна есенска температура изнесува 13,60С. Есенските температури се повисоки од пролетните.

Просечен последен пролетен мраз е на 28-03, апсолутен последен пролетен мраз бил на 28.04.1984 година. Просечен прв есенски мраз е на 6-11, а апсолутно последен есенски мраз бил на 16.10.1961 година. Мразниот период просечно трае 142 дена.

Просечна годишна сума на врнежите изнесува 473,3мм, и тоа најмногу во мај со 56,0мм, а најмалку во февруари 29,8мм, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06.08.2007 година од 77,9мм или 1/м2. Зимскиот период паѓаат просечно 34мм по месец или вкупно за зимскиот период просечно 101,9мм, пролетниот период просечно паѓаат 42,7мм или вкупно за 3, 4 и 5 месеци просечно паѓаат 128,2мм, летниот период просечно паѓаат 37,2мм или вкупно за 6, 7 и 8 месеци 111,6мм, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3мм или вкупно за сите месеци просекот е 132,9мм. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 67%. Бројот на денови со снег годишно има 19, денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7см. Просечна должина на траење на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со честина од 196%, брзина од 3,6м/с и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветер кој е втор по честина од 179% и со брзина од 3,8м/с што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со честина од 18%, 2,9м/с и јачина од 8 бофори. Честината на време без ветар – тишина е 395% што значи дека повеќе од третина од денонокието е без ветар.

Податоците се од мерната станица во Штип.

3.5. Инфраструктура

3.5.1. Сообраќајно поврзување

Предметната локација се наоѓа во општина Свети Николе, 8км јужно од градот Свети Николе и помалку од 1км источно од населено место с.Амзабргово.

Влезно/излезната партија во овој комплекс е поставена во неговиот западен дел и се поврзува преку постоен Пристапен пат, којшто е директно поврзан со Регионалниот пат Р1204 преку крстосница со ниво (крстосница с.Амзабегово)

3.5.2. Електроенергетска инфраструктура

Една од главните програмски определби во енергетскиот сектор е што поголемо искористување на домашните ресурси на обновлива енергија. Со зголемување на учеството на обновливи извори на енергија освен замена на користењето на фосилните горива, се намалуваат емисиите на стакленички гасови и зависноста од увоз на енергија, особено на електричната.

Енергијата на сончевото зрачење е најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија. Интензитетот на сончевото зрачење на површината на Земјата зависи од

времетраењето на светењето на Сонцето во текот на денот и аголот на сончевите зраци кон хоризонталната рамнина. И двете големини, за одредено место на Земјата, се многу променливи и тоа не само во текот на годината, годишното време и месецот, туку и во текот на денот. На планираната локација во КО Амзабегово, која е одбрана за поставување на фотоволтаичните централи може да се очекува сончева енергија на хоризонтална површина во износ од околу 4,2 kWh/m2 ден. Но доколку колекторската површина се постави под агол од 35-40, можно е истата да се зголеми и да достигне вредност од 4,8kWh/m2 ден.

Приклучок на трафостаниците од градежните парцели во електромрежа ќе се изврши според добиената согласност и мрежните правила кои што инвеститорот треба да ги побара од овластен оператор на дистрибутивна електрична енергија на планираната трафостаница која е дефинирана во УП со бр. 1.02.1.

Целокупната изведба на електроенергетската инсталација треба да се изврши почитувајќи ги: “Законот за енергетика“ (Службен весник на РМ број 96/2018, чл. 203 и 204) и “Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV do 400kV“.

4. ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ

4.1. ИЗБОР НА ОПРЕМА

Во конкретниов случат за поставување на фотоволтаична електроцентрала на ГП. 1.02 од УПВНМ, КО Амзабегово, општина Свети Николе со вкупна инсталирана моќност од **1,998 kWp** и согласно проектната задача, предвидени се 3,770 фото-напонски панели со моќност од 530 Wp тип JKM530M-72HL4-V кои се произведени од Jinko Solar Кина како и 8 стринг инвертери со моќност од 250 kWp_{ac} тип Sungrow SG250HX од производителот Sungrow од кинеско производство.

4.2. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛ

www.jinkosolar.com

JinKO Solar
Building Your Trust in Solar

Tiger Pro 72HC-TV
525-545 Watt

BIFACIAL MODULE WITH TRANSPARENT BACKSHEET

P-Type

Positive power tolerance of 0~+3%

IEC61215(2016), IEC61730(2016)

ISO9001:2015: Quality Management System

ISO14001:2015: Environment Management System

ISO45001:2018
Occupational health and safety management systems



Key Features

Multi Busbar Technology
Better light trapping and current collection to improve module power output and reliability.

Longer Life-time Power Yield
0.45% annual power degradation and 30 year linear power warranty.

Light-weight design
Light-weight design using transparent backsheet for easy installation and low BOS cost.

Enhanced Mechanical Load
Certified to withstand: wind load (2400 Pascal) and snow load (5400 Pascal).

Higher Power Output
Module power increases 5-25% generally, bringing significantly lower LCOE and higher IRR.

LINEAR PERFORMANCE WARRANTY



12 Year Product Warranty

30 Year Linear Power Warranty

0.45% Annual Degradation Over 30 years

Engineering Drawings





Packaging Configuration

(Two pallets = One stack)

31pcs/pallets, 62pcs/stack, 620pcs/ 40'HQ Container

Electrical Performance & Temperature Dependence



Mechanical Characteristics

Cell Type	P type Mono-crystalline
No. of cells	144 (6×24)
Dimensions	2274×1134×35mm (89.53×44.65×1.38 inch)
Weight	28.9 kg (63.7 lbs)
Front Glass	3.2mm,Anti-Reflection Coating, High Transmission, Low Iron, Tempered Glass
Frame	Anodized Aluminium Alloy
Junction Box	IP68 Rated
Output Cables	TUV 1×4.0mm² (+): 400mm , (-): 200mm or Customized Length

SPECIFICATIONS

Module Type	JKM525M-72HL4-TV		JKM530M-72HL4-TV		JKM535M-72HL4-TV		JKM540M-72HL4-TV		JKM545M-72HL4-TV	
	STC	NOCT	STC	NOCT	STC	NOCT	STC	NOCT	STC	NOCT
Maximum Power (Pmax)	525Wp	391Wp	530Wp	394Wp	535Wp	398Wp	540Wp	402Wp	545Wp	405Wp
Maximum Power Voltage (Vmp)	40.61V	37.74V	40.71V	37.88V	40.81V	37.98V	40.91V	38.08V	41.07V	38.18V
Maximum Power Current (Imp)	12.93A	10.35A	13.02A	10.41A	13.11A	10.48A	13.20A	10.55A	13.27A	10.62A
Open-circuit Voltage (Voc)	49.27V	46.50V	49.35V	46.58V	49.42V	46.65V	49.49V	46.71V	49.65V	46.86V
Short-circuit Current (Isc)	13.64A	11.02A	13.71A	11.07A	13.79A	11.14A	13.87A	11.20A	13.94A	11.26A
Module Efficiency STC (%)	20.36%		20.55%		20.75%		20.94%		21.13%	
Operating Temperature(℃)	-40℃~+85℃									
Maximum system voltage	1500VDC (IEC)									
Maximum series fuse rating	30A									
Power tolerance	0~+3%									
Temperature coefficients of Pmax	-0.35%/℃									
Temperature coefficients of Voc	-0.28%/℃									
Temperature coefficients of Isc	0.048%/℃									
Nominal operating cell temperature (NOCT)	45±2℃									
Refer. Bifacial Factor	70±5%									

BIFACIAL OUTPUT-REARSIDE POWER GAIN

5%	Maximum Power (Pmax)	551Wp	557Wp	562Wp	567Wp	572Wp
	Module Efficiency STC (%)	21.38%	21.58%	21.78%	21.99%	22.19%
15%	Maximum Power (Pmax)	604Wp	610Wp	615Wp	621Wp	623Wp
	Module Efficiency STC (%)	23.41%	23.64%	23.86%	24.08%	24.30%
25%	Maximum Power (Pmax)	656Wp	663Wp	669Wp	675Wp	681Wp
	Module Efficiency STC (%)	25.45%	25.69%	25.93%	26.18%	26.42%

*STC: Irradiance 1000W/m² Cell Temperature 25°C AM=1.5

NOCT: Irradiance 800W/m² Ambient Temperature 20°C AM=1.5 Wind Speed 1m/s

©2020 Jinko Solar Co., Ltd. All rights reserved.
Specifications included in this datasheet are subject to change without notice.

JKM525-545M-72HL4-TV-F1-EN

Модел	JKM530M-72HL4-V
Максимална моќност (Pmax)	535 [W]
Оптимален напон (Vmp)	40.81 [V]
Оптимална струја (Imp)	13.11 [A]
Напон на отворено коло (Voc)	49.42 [V]
Струја на кусо коло (Isc)	13.79 [A]
Ефикасност на модул	20.75 [%]
Оперативна температура	-40 ~ 85 [^{O}C]
Максимален напон	1500 [V] DC
Максимална струја по фаза	30 [A]
Толеранција на снагата	0W~+5W

Механички карактеристики

Вид на ќелија	Монокристална со дим. 158,75x158.75[mm]
Број на ќелии во модул	144
Димензија на модул	2274x1134x35 [mm]
Тежина	28.9 [kg]
Предна заштита	Калено стакло
Материја на рамка	Алуминиум

Температурни карактеристики

Температурен коефициент на Voc	-0.28%/ºC
Температурен коефициент на Isc	0.048%/ºC

4.3. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ИНВЕРТЕР

SG250HX

Multi-MPPT String Inverter for 1500 Vdc System

SUNGROW
Clean power for all

HIGH YIELD

- 12 MPPTs with max. efficiency 99%
- 30A MPPT compatible with 500Wp+ module
- Built-in Anti-PID and PID recovery function

SMART O&M

- Touch free commissioning and remote firmware upgrade
- Smart IV Curve diagnosis*
- Fuse free design with smart string current monitoring

LOW COST

- Compatible with Al and Cu AC cables
- DC 2 in 1 connection enabled
- Power line communication (PLC)
- Q at night function

PROVEN SAFETY

- IP66 and C5 anti-corrosion
- Type II SPD for both DC and AC
- Compliant with global safety and grid code

CIRCUIT DIAGRAM



EFFICIENCY CURVE



© 2020 Sungrow Power Supply Co., Ltd. All rights reserved. Subject to change without notice. Version 1.5.4

SG250HX

Type designation	SG250HX
Input (DC)	
Max. PV input voltage	1500 V
Min. PV input voltage / Startup input voltage	500 V / 500 V
Nominal PV input voltage	1160 V
MPP voltage range	500 V – 1500 V
MPP voltage range for nominal power	860 V – 1300 V
No. of independent MPP inputs	12
Max. number of input connector per MPPT	2
Max. PV input current	30 A * 12
Max. DC short-circuit current	50 A * 12
Output (AC)	
AC output power	250 kVA @ 30 ℃ / 225 kVA @40 ℃ / 200 KVA @ 50 ℃
Max. AC output current	180.5 A
Nominal AC voltage	3 / PE, 800 V
AC voltage range	680 – 880V
Nominal grid frequency / Grid frequency range	50 Hz / 45 – 55 Hz, 60 Hz / 55 – 65 Hz
THD	< 3 % (at nominal power)
DC current injection	< 0.5 % In
Power factor at nominal power / Adjustable power factor	> 0.99 / 0.8 leading – 0.8 lagging
Feed-in phases / connection phases	3 / 3
Efficiency	
Max. efficiency	99.0 %
European efficiency	98.8 %
Protection	
DC reverse connection protection	Yes
AC short circuit protection	Yes
Leakage current protection	Yes
Grid monitoring	Yes
Ground fault monitoring	Yes
DC switch	Yes
AC switch	No
PV String current monitoring	Yes
Q at night function	Yes
Anti-PID and PID recovery function	Yes
Overvoltage protection	DC Type II / AC Type II
General Data	
Dimensions (W*H*D)	1051 * 660 * 363 mm
Weight	99kg
Isolation method	Transformerless
Ingress protection rating	IP66
Night power consumption	< 2 W
Operating ambient temperature range	-30 to 60 ℃
Allowable relative humidity range (non-condensing)	0 – 100 %
Cooling method	Smart forced air cooling
Max. operating altitude	5000 m (> 4000 m derating)
Display	LED, Bluetooth+App
Communication	RS485 / PLC
DC connection type	MC4-Evo2 (Max. 6 mm², optional 10mm²)
AC connection type	OT/DT terminal (Max. 300 mm²)
Compliance	IEC 62109, IEC 61727, IEC 62116, IEC 60068, IEC 61683, VDE-AR-N 4110:2018, VDE-AR-N 4120:2018, EN 50549-1/2, UNE 206007-1:2013, P.O.12.3, UTE C15-712-1:2013
Grid Support	Q at night function, LVRT, HVRT,active & reactive power control and power ramp rate control

*: Only compatible with Sungrow logger and iSolarCloud

© 2020 Sungrow Power Supply Co., Ltd. All rights reserved. Subject to change without notice. Version 1.5.4

Влезни параметри	
Максимална DC моќност	250,000 [W]
Максимален влезен напон	1,500 [V]
MPP- напонски опсег/номинален напон	500-1500 [V]
Минимален влезен напон	500 [V]
Максимална влезна струја	30 [A]
Излезни параметри	
Излезна моќност при 800 [V] и 50 Hz	250,000 [W]
Максимална AC моќност	225,000 [VA]
Номинален AC напон	3 / N / PE; 800 [V]
AC фреквенција	50 Hz, 60 Hz
Максимална струја	180.5 [A]
Номинален cosφ при номинална моќност	1
Приклучни фази	3 фази
Ефикасност	98.8 %
Механички димензии	
Димензии (В / Ш / Д)	1,051 x 660 x 363 [mm]
Тежина	99 [kg]
Работна температура	-25….+ 60 [^{o}C]
Сопствена потрошувачка	< 2 [W]
Степен на заштита (цертификати)	IP65 , IP54

4.4. ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

- *ЈАКОСТРУЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ*

  1. Овие технички услови се составен дел на електричната инсталација и како такви се задолжителни за изведувачот.
  2. Електричната инсталација ќе се изведе по МКС прописите, кои се однесуваат на ваков вид на работа, планот, пресметката и овие технички услови.
  3. При поставување на проводниците за еднофазна или трофазна струја во цевки, сите проводници кои припаѓаат на едно струјно коло мораат да бидат поставени во иста цевка.
  4. Металните заштитни облоги на цевките не смеат да бидат употребени како проводници за заземјување.
  5. Меѓусебното спојување на проводниците да се врши со спојници. Лемењето на проводниците во електричните инсталации треба да се избегнува.
  6. Наставувањето на проводниците може да се врши само во спојните и разводни кутии.
  7. Поставување на проводниците во цевки мора да биде така изведено да истите без тешкотии можат да се извлекуваат и вовлекуваат.
  8. Поставувањето на кутии се врши по правило најмногу на 6m. Спојните кутии мора да се постават така, да е овозможено лесно вовлекување на проводниците. Помеѓу две кутии, по правило не смеат да бидат повеќе од две колена или три кривини.
  9. Отпорот на нултиот вод не смее да биде поголем од 0,2Ω.
  10. При примена на нуловање како заштитна мерка изведувачот треба да обрне внимание при поврзувањето на нултиот проводник.
  11. Нултиот вод по целата инсталација мора да има иста боја, т.е. светло сива и мора на секое место каде се поставува или грана, да биде завиткан околу шрафот во вид на куќичка или слично па тогаш добро да се затегне.
  12. Покрај испитувањето на нултиот проводник задолжително е од страна на надзорниот орган да ја испита исправноста на врски со помош на омметар, пред да се стават осигурачите. Испитувањето на изолацијата да се изврши према МКС Н.Б2. 701.
  13. Изведувачот треба да биде стручна фирма и да е овластена за изведување на ваков вид на инсталација.
  14. Изведувачот е должен да го проучи проектот пред отпочнувањето на работата. Во колку постојат некои нејасни работи треба да бара појаснување од проектантот.
  15. Во проектот не смеат да се вршат никакви измени без предходна согласност на проектантот, односно надлежниот орган, а за поголеми измени и од ревизионата комисија која го одобрила проектот.
  16. При изведувањето на електричната инсталација изведувачот треба да се придржува на прописите кои се однесуваат на ваков вид на работа: план, пресметка и наведените технички услови.
  17. Инсталацијата може да биде предадена во употреба од како комисијата ќе констатира дека истата е изведена према проектот и позитивните технички прописи.

- *СЛАБОСТРУЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ИНСТАЛАЦИИ*

  1. Овие технички услови се составен дел на проектот за изведување на слабострујни инсталации и како такви се задолжителни за изведувачот.
  2. Слабострујните инсталации да се изведат према МКС прописите кои се однесуваат за ваков вид на објекти и према планот и пресметките.
  3. При поставување на проводниците во цевки, сите проводници кои припаѓаат на едно струјно коло мора да се постават во една цевка.
  4. Изведувачот треба да биде стручна фирма и да се овластени за ваков вид на инсталација.
  5. Изведувачот е должен, пред почетокот на изведување на инсталациите, добро да го проучи проектот. До колку се јават некои нејасни работи, да побара објаснување од проектантот.

6. При изведување на работите на инсталацијата, изведувачот треба да се придржува на прописите кои се однесуваат на ваков вид работа, на планот, пресметките и наведените технички услови.

4.5. УПРАВУВАЊЕ И НАДЗОР

• Мод на работна мрежа
Во овој мод инверторот перманентно е приклучен на електро енергетската мрежа. Инверторот се исклучува од мрежата само во случај на дефект или ако исчезне сончевата ирадиација(снага).Во овој мод инверторот работи во режим на следење на точката на максимална моќ (MPPT).

• Стоп мод
Во стоп модот инверторот се исклучува од работа. Повеке услови како што се разните дефекти можат да бидат причина за сопирање на работата на инверторот. Ако генерираната снага во полето од PV модули не е доволно голема за работа на мрежа, инверторот останува во стоп мод, но продолжува со мониторирање на напонот на PV модулите. Доколку условите станат задоволотелни по 3 минутно задоцнување инверторот ќе се приклучи автоматски на мрежата.
Доколку се појави некоја грешка или дефект во системот, инверторот веднаш се исклучува од мрежата, а на LCD дисплејот го јавува проблемот. Веднаш преоѓа во мод на дефект при што продолжува перманентното набљудување на состојбата со дефектот и кога истиот го снема т.е. контролерот утврди дека дефектот е решен, во наредните 5 минути ќе иницира ново приклучување на мережата.

• Нужно сопирање
Кога ќе се случат непредвидени или опасни состојби, операторот може со притискање на тастерот “Emergency stop” на предната врата од инверторот веднаш да ја сопре работата на инверторот. После исклучување на инверторот преку тастерот за нужно исклучување, инверторот мора да биде рестартиран рачно преку LCD менито.

• Приклучување на мрежа
Инверторот автоматски утврдува кога се исполнети условите за мрежно приклучување. Приклучувањето на мрежа во тој случај се одвива според следниот програм:

• Кога постои доволна сончева радиација полето со PV модули почнува да генерира енергија
• Инверторот започнува да ги напојува DC собирниците
• Ако напонот на DC собирниците го надмине прагот во траење повеќе од 5 минути
• Ако инверторот утврди дека состојбата со мрежата е во добра состојба (OK)
• Инверторот ги следи условите во мрежата и врши приклучување и емитирање на енергија во мрежата

• Ненормални услови во мрежата
Кога се исполнети сите потребни услови инверторот оперира во MPPT модот за да пренесе максимална моќност во мрежата.Приклучен на мрежа, сите параметри во инверторот и мрежата перманентно се надгледуваат.

4.6. СИМУЛАЦИЈА НА ПРОИЗВОДСТВО

Симулацијата на производството е направена со најсовременио софтвер кој е индустриски стандард за вакви сумилации на произовдство до фотонапонски централи.

Project: PV 1.02 - 2MWp KO Amzabegovo

Variant: V1

PVsyst V7.1.8
VC1, Simulation date:
17/04/21 18:57
with v7.1.8

Project summary

Geographical Site
PV Amzabegovo
Macedonia

Situation

Latitude	41.80 °N
Longitude	22.00 °E
Altitude	239 m
Time zone	UTC+1

Project settings

Albedo	0.20

Meteo data
Amzabegovo
Meteonorm 7.3 (1986-2005), Sat=100% - Synthetic

System summary

Grid-Connected System

No 3D scene defined, no shadings

PV Field Orientation
Fixed plane
Tilt/Azimuth 25 / 0 °

Near Shadings
No Shadings

User's needs
Unlimited load (grid)

System information

PV Array

Nb. of modules	3780 units
Pnom total	2022 kWp

Inverters

Nb. of units	9 units
Pnom total	2025 kWac
Pnom ratio	0.999

Results summary

Produced Energy	2760 MWh/year	Specific production	1365 kWh/kWp/year	Perf. Ratio PR	82.37 %

Table of contents

Project and results summary 2
General parameters, PV Array Characteristics, System losses 3
Horizon definition 4
Main results 5
Loss diagram 6
Special graphs 7

Project: PV 1.02 - 2MWp KO Amzabegovo

Variant: V1

PVsyst V7.1.8
VC1, Simulation date:
17/04/21 18:57
with v7.1.8

General parameters

Grid-Connected System — **No 3D scene defined, no shadings**

PV Field Orientation

Orientation		**Sheds configuration**	**Models used**	
Fixed plane		No 3D scene defined	Transposition	Perez
Tilt/Azimuth	25 / 0 °		Diffuse	Perez, Meteonorm
			Circumsolar	separate

Horizon		**Near Shadings**	**User's needs**
Average Height	1.8 °	No Shadings	Unlimited load (grid)

PV Array Characteristics

PV module

Manufacturer	Jinko Solar
Model	JKM535M-72HL4-V
(Custom parameters definition)	
Unit Nom. Power	535 Wp
Number of PV modules	3780 units
Nominal (STC)	2022 kWp
Modules	140 Strings x 27 In series
At operating cond. (50°C)	
Pmpp	1861 kWp
U mpp	1017 V
I mpp	1830 A

Inverter

Manufacturer	Sungrow
Model	SG250HX
(Custom parameters definition)	
Unit Nom. Power	225 kWac
Number of inverters	9 units
Total power	2025 kWac
Operating voltage	600-1500 V
Max. power (=>30°C)	250 kWac
Pnom ratio (DC:AC)	1.00

Total PV power

Nominal (STC)	2022 kWp
Total	3780 modules
Module area	9748 m²

Total inverter power

Total power	2025 kWac
Nb. of inverters	9 units
Pnom ratio	1.00

Array losses

Array Soiling Losses
Loss Fraction 3.0 %

Thermal Loss factor
Module temperature according to irradiance
Uc (const) 29.0 W/m²K
Uv (wind) 0.0 W/m²K/m/s

DC wiring losses
Global array res. 9.1 mΩ
Loss Fraction 1.5 % at STC

Serie Diode Loss
Voltage drop 0.7 V
Loss Fraction 0.1 % at STC

LID - Light Induced Degradation
Loss Fraction 2.0 %

Module Quality Loss
Loss Fraction -1.3 %

Module mismatch losses
Loss Fraction 2.0 % at MPP

Strings Mismatch loss
Loss Fraction 0.1 %

IAM loss factor
ASHRAE Param: IAM = 1 - bo(1/cosi -1)
bo Param. 0.05

System losses

Unavailability of the system
Time fraction 2.0 %
7.3 days,
3 periods

Project: PV 1.02 - 2MWp KO Amzabegovo

Variant: V1

PVsyst V7.1.8
VC1, Simulation date:
17/04/21 18:57
with v7.1.8

Horizon definition

Average Height	1.8 °	Albedo Factor	0.88
Diffuse Factor	0.99	Albedo Fraction	100 %

Horizon profile

Azimuth [°]	-177	-169	-165	-157	-145	-141	-133	-129	-121	-109	-105	-97	-93	-85
Height [°]	2.0	2.0	2.0	2.0	2.0	2.0	2.0	2.0	1.0	1.0	1.0	1.0	1.0	1.0
Azimuth [°]	-73	-69	-61	-57	-49	-37	-33	-25	-21	-13	-9	-1	0	1
Height [°]	1.0	2.0	3.0	3.0	3.0	3.0	3.0	4.0	4.0	5.0	5.0	2.0	2.0	2.0
Azimuth [°]	2	8	12	20	24	32	36	44	48	56	60	68	72	84
Height [°]	1.0	1.0	1.0	1.0	1.0	2.0	2.0	1.0	1.0	1.0	1.0	1.0	1.0	1.0
Azimuth [°]	92	96	104	108	120	128	132	140	144	156	164	168	176	180
Height [°]	1.0	1.0	2.0	2.0	2.0	2.0	1.0	1.0	1.0	1.0	1.0	1.0	2.0	2.0

Sun Paths (Height / Azimuth diagram)

Horizon file (source is not a PVsyst format!)
Fixed plane, Tilts/azimuths: 25°/ 0°



Project: PV 1.02 - 2MWp KO Amzabegovo

Variant: V1

PVsyst V7.1.8
VC1, Simulation date:
17/04/21 18:57
with v7.1.8

Main results

System Production

Produced Energy	2760 MWh/year	Specific production	1365 kWh/kWp/year
		Performance Ratio PR	82.37 %

Normalized productions (per installed kWp)



Performance Ratio PR



Balances and main results

	GlobHor kWh/m²	DiffHor kWh/m²	T_Amb °C	GlobInc kWh/m²	GlobEff kWh/m²	EArray MWh	E_Grid MWh	PR ratio
January	47.6	25.03	0.47	71.6	67.0	131.4	129.4	0.894
February	67.1	34.94	2.97	90.1	84.6	164.8	162.4	0.891
March	105.6	50.63	8.03	127.6	120.0	228.4	225.1	0.873
April	145.4	69.61	12.24	158.8	149.2	280.0	255.7	0.796
May	186.0	77.26	17.65	187.9	176.5	323.7	290.9	0.766
June	203.7	82.66	21.76	199.9	187.6	339.3	334.2	0.827
July	212.0	77.81	25.19	212.7	200.1	356.7	322.7	0.750
August	185.2	68.61	24.75	199.2	187.5	334.3	329.3	0.817
September	136.8	56.88	18.34	162.5	153.1	280.6	276.6	0.842
October	92.2	49.38	13.42	118.1	110.9	208.4	205.4	0.860
November	55.4	31.84	6.77	79.3	74.1	143.0	140.9	0.879
December	34.9	22.77	2.28	49.3	45.8	89.0	87.3	0.876
Year	1472.1	647.43	12.88	1656.9	1556.4	2879.6	2760.1	0.824

Legends

GlobHor	Global horizontal irradiation	EArray	Effective energy at the output of the array
DiffHor	Horizontal diffuse irradiation	E_Grid	Energy injected into grid
T_Amb	Ambient Temperature	PR	Performance Ratio
GlobInc	Global incident in coll. plane		
GlobEff	Effective Global, corr. for IAM and shadings		

Project: PV 1.02 - 2MWp KO Amzabegovo

Variant: V1

PVsyst V7.1.8
VC1, Simulation date:
17/04/21 18:57
with v7.1.8

Loss diagram



PVsyst V7.1.8
VC1, Simulation date:
17/04/21 18:57
with v7.1.8

Project: PV 1.02 - 2MWp KO Amzabegovo

Variant: V1

Special graphs

Daily Input/Output diagram



System Output Power Distribution



ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Градежна парцела	Вкупна површина на проектен опфат м²	Нумерација на површина за градба	Намена на површини	Висина на венец м	Катност	Површина под градба м²	Бруто површина за градба м²	Процент на изграденост %	Коефициент на искорист.
1.02	36741	1.02.1	Е1.8-ИНФРАСТРУКТУРА/ТРАФОСТАНИЦИ	10.0 м'	П	310	310	60%	0.60
		1.02.2	Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ	10.0 м'	П	11855	11855		
		1.02.3		10.0 м'	П	9891	9891		
			ЗЕЛЕНИЛО		7726				
			КРШЕН КАМЕН - ТАМПОН		6959				
ВКУПНО:						**22056**	**22056**		



ПРЕСЕК НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИТЕ ПАНЕЛИ

СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА:

ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА И ПАТНА МРЕЖА

- ПОВРШИНА ПОД УЛИЧНА МРЕЖА
- ТРОТОАР
- КОЛОВОЗ НА УЛИЦА
- ОСВОИНА НА УЛИЦА
- 43.00 / 42.00 ПОДОЛЖЕН НИВЕЛМАН
- 341.13 НИВЕЛЕТСКИ КОТИ

ЕНЕРГЕТСКО-КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА:

- ЕЛЕКТРОКАБЛИ 20(10)kV
- ЕЛЕКТРОКАБЛИ 0.4kV (ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ)
- СВЕТИЛКА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

ЕЛЕКТРОНСКО-КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА

- ЕЛЕКТРОНСКО КОМУНИКАЦИСКИ КАБЕЛ
- ПОСТОЕН ОПТИЧКИ КАБЕЛ
- ПОСТОЕН ТЕЛЕФОНСКИ БАКАРЕН КАБЕЛ
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА
  - ДВ 10kV(ЗАШТИТЕН ПОЈАС - L = 2 x 10m')
  - ДВ 35kV(ЗАШТИТЕН ПОЈАС - L = 2 x 15m')

ПОСТРОЈКИ

- ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ
- ИНВЕРТЕР

НОВОПЛАНИРАНА ИНДУСТРИСКА УЛИЦА „2"



ОДВЕДУВАЊЕ НА ПОВРЕМЕНИ ВИСОКИ ПОВРШИНСКИ ВОДИ И ПОВРЕМЕН ВОДОТЕК „НЕМАШЊИЦА" - ОД ХИДРОЛОШКА СТУДИЈА

КАНАЛ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ (b=0.5m x h=0.3m)



Попречен профил на канал за одведување на површински води - согласно хидролошки и хидраулички пресметки од Хидролошка студија, за 1 (еден) часовник и 24 (дваесет и четири) часовен интензитет на врнеж со веројатност на појава, од 100 (сто) години и 1000 (илјада) годишни води

* НА ЗЕМЈИШТЕТО, КАДЕШТО СЕ ПРЕДВИДУВА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИТЕ ЦЕНТРАЛИ, СЕ РЕГИСТРИРАНИ ВИСОКИ ПОДЗЕМНИ ВОДИ, КОИ СЕ СОЗДАВААТ ПРИ ТОПЕЊЕТО НА СНЕЖНИТЕ НАНОСИ ВО ЗИМСКИОТ ПЕРИОД. ПРИ ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ПРЕДВИДИ ИЗГРАДБА НА ДРЕНАЖЕН СИСТЕМ ПРЕЗ КОЈ ОВИЕ ВОДИ
КЕ СЕ ОДВЕВААТ КОН РЕЦИПИЕНТОТ, РЕКАТА „АЗМАК".

** КОН КАНАЛОТ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ МОЖЕ ДА СЕ ПРИКЛУЧИ ДРЕНАЖНИОТ СИСТЕМ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ: ГП 1.01, ГП 1.02, ГП 1.03, ГП 1.04, ГП 2.04 И ГП 2.05. ДРЕНАЖНИОТ СИСТЕМ НА ГП 2.01, ГП2.02, ГП2.03 И ГП 2.06 ОДВЕДУВАЊЕТО НА ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ МОЖЕ ДИРЕКТНО ДА ГИ ИСПУШТИ ВО РЕЦИПИЕНТОТ Р.АЗМАК.

ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА НА ГП 1.02 ОД БЛОК 1 ОД УПВНМ ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КО АМЗАБЕГОВО-ВГР, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 36741m2
- РЛ — РЕГУЛАЦИСКА ЛИНИЈА
- ГП — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА ОД УПВНМ
- ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА ДЕФИНИРАНА СО УП
- 1.02 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

КЛАСИ НА НАМЕНА:

ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНА

- Е — ИНФРАСТРУКТУРА

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА

- Е1.13 — ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ
- Е1.8 — ИНФРАСТРУКТУРА/ТРАФОСТАНИЦИ
- ВЛЕЗ / ИЗЛЕЗ (ПРАВЦИ НА ДВИЖЕЊЕ)

ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ

- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- 1.02.1 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ
- H=10.0m МАХ.ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА
- П КАТНОСТ

ВНАТРЕШЕН СОБРАЌАЈ И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ

- ПРИСТАПНИ КОМУНИКАЦИИ - ТАМПОН
- ЗЕЛЕНИЛО

ДООЕЛ ФОРМИ Битола

ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА НА ГП 1.02 ОД БЛОК 1 ОД УПВНМ ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КО АМЗАБЕГОВО-ВГР, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТРОВИ

инвеститор	ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ
овластен проектант:	д.и.а. Милена Шундовска Четелева овл.бр.1.1529
соработници пректанти:	
изработувач на проектната документација:	ДООЕЛ ФОРМИ БИТОЛА
управител:	Јорго Шундовски
размер: 1 : 1000	дата: Мај 2021
тех. број: 31-11/07/А од 09.2021	

Др.МИЛЕНА ШУНДОВСКА ЧЕТЕЛЕВА
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
А.1. ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 1529

ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА НА ГП 1.02 ОД БЛОК 1 ОД УПВНМ ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА КО АМЗАБЕГОВО - ВГР, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ЛИСТ БРОЈ
1